

СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

на општина Новаци

БРОЈ 08/13

СЛУЖБЕН ГЛАСНИК ОПШТИНА НОВАЦИ

Излегува по потреба- 10.07-2013 година. СРЕДА-Бр. 08, година XVII
.Ж-ска 749014004563010 Депонент Народна банка на Македонија;
E-mail: Novacio@T-home.mk Примерок 50 денари

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за измена на СТАТУТОТ на Заедничкото јавно комунално претпријатие ПЕЛА ХИГИЕНА с. Добрушево

1. Ја Објавувам Одлука за измена на СТАТУТОТ на Заедничкото јавно комунално претпријатие ПЕЛА ХИГИЕНА с. Добрушево, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 03.07.2013 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-546/1 ОпштинаНоваци
08.07.2013год. Градоначалник
Лазар Котевски

Советот на општина Новаци, во врска со истапување на еден од основачите на јавното комунално претпријатие и во врска со промената на фирма и седиште на Заедничкото јавно комунално претпријатие ПЕЛА ХИГИЕНА с. Добрушево, општина Могила, на ден 03.07.2013 година, ја донесе следната:

О Д Л У К А

за измена на СТАТУТОТ на Заедничкото јавно комунално претпријатие ПЕЛА ХИГИЕНА с. Добрушево

Се менува член 2 од Статутот на Заедничкото јавно комунално претпријатие ПЕЛА ХИГИЕНА с. Добрушево и сега тој член гласи:

Член 2

Јавното комунално претпријатие ПЕЛА ХИГИЕНА (во понатамошниот текст, комунално претпријатие), се основа заради вршење на дејности од комуналната област кои се од јавен интерес од локално значење, а се сметаат за незаменлив услов за животот и работата на граѓаните на територијата на Општина Могила.

Се менува член 4 од Статутот на Заедничкото јавно комунално претпријатие ПЕЛА ХИГИЕНА с. Добрушево и сега тој член гласи:

Член 4

Јавното комуналното претпријатие со свој акт го основа Советот на општина Могила.

Основната главнина на јавното комунално претрпијатие се состои од непаричен влог според проценка на овластен проценител.

Претпријатието е организирано како јавно претпријатие за вршење комунални дејности и истото со Решение ќе се регистрира во Централниот регистер на Република Македонија.

Се менува член 5 од Статутот на Заедничкото јавно комунално претпријатие ПЕЛА ХИГИЕНА с. Добрушево и сега тој член гласи:

Член 5

Јавното комуналното претпријатие дејностите за кои е основано ќе ги врши на подрачје на општина Могила.

Се менува член 8 од Статутот на Заедничкото јавно комунално претпријатие ПЕЛА ХИГИЕНА с. Добрушево и сега тој член гласи:

Член 8

Полното име на фирмата на претпријатието гласи:
Јавно комунално претпријатие ПЕЛА ХИГИЕНА општина Могила, а
Скратениот назив на фирмата гласи: ЈКП ПЕЛА ХИГИЕНА општина Могила.

Се менува член 9 од Статутот на Заедничкото јавно комунално претпријатие ПЕЛА ХИГИЕНА с. Добрушево и сега тој член гласи:

Член 9

Седиштето на заедничкото јавно комунално претпријатие е во општина Могила.

Се менува член 13 од Статутот на Заедничкото јавно комунално претпријатие ПЕЛА ХИГИЕНА с. Добрушево и сега тој член гласи:

Член 13

Управниот одбор на комуналното претпријатие се состои од 5 (пет) члена.

Членовите на Управниот одбор ги именува и разрешува Советот на општина Могила.

Од членовите на Управниот одбор се избира претседател.

Мандатот на претседателот и членовите на Управниот одбор трае 4 (четири) години.

Се менува член 31 од Статутот на Заедничкото јавно комунално претпријатие ПЕЛА ХИГИЕНА с. Добрушево и сега тој член гласи:

Член 31

Директорот е должен секој шест месеци да доставува извештај за работата на јавното комунално претпријатие до Градоначалникот на општината Могила и Управниот одбор.
Во извештајот од став 1 на овој член директорот е должен особено да достави податоци за видот и обемот на работите извршени при обавување на дејноста на комуналното претпријатие, како и податоци за финансиското работење.
Ако од извештајот за работа се утврдат недостатоци или загуби во финансиското работење, директорот е должен да ги отстрани во наредните шест месеци.

Во сите останати одредби од Статутот на Заедничкото јавно комунално претпријатие ПЕЛА ХИГИЕНА с. Добрушево се врши измена, така што, каде стојат зборовите „заедничко јавно комунално претпријатие“ да стојат зборовите „јавно комунално претпријатие“.

Во останатиот дел Статутот на Заедничкото јавно комунално претпријатие ПЕЛА ХИГИЕНА с. Добрушево непроменет и остануваат во сила сите останати одредби од Статутот.

Оваа одлука влегува во сила и ќе се применува од денот на нејзиното донесување и врз основа на истата ќе се изготви пречистен текст на Статутот на Заедничкото јавно комунално претпријатие ПЕЛА ХИГИЕНА с. Добрушево во кој ќе се внесат измените извршени со оваа одлука.

Бр.07-520/4 Совет на општина Новаци
03.07. 2013 год. Претседател
Мицевски Пеце

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за истапување на основач и
отстапување и превземање (пренос) на влог

1. Ја Објавувам Одлука за истапување на основач и отстапување и превземање (пренос) на влог, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 03.07.2013 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-546/2
08.07.2013год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Советот на општина Новаци, во врска со промената – истапување на основач на Заедничкото јавно комунално претпријатие ПЕЛА ХИГИЕНА с. Добрушево, општина Могила, на ден 03.07.2013 година, ја донесе следната:

О Д Л У К А

за истапување на основач

и отстапување и превземање (пренос) на влог

Член 1

Од Заедничкото јавно комунално претпријатие ПЕЛА ХИГИЕНА с. Добрушево, општина Могила истапува основачот:

Општина Новаци со ЕМБС 6020925.

Член 2

По истапувањето на основачот Општина Новаци со ЕМБС 6020925 од Заедничкото јавно комунално претпријатие ПЕЛА ХИГИЕНА с. Добрушево, општина Могила, единствен основач на претпријатието останува:

Општина Могила со ЕМБС 6020801.

Член 3

Основачот општина Новаци со ЕМБС 6020925, кој истапува од претпријатието, својот влог кој се состои од непаричен влог ТРАКТОР ВТ3 2048А во износ од 1.800,00 Евра или 110.700,00 денари, вид: теретно, марка: Х3ТА, тип ВТ3-4-1, број на шасија: 23010256, број на мотор: А2902000Б, година на производство: 2002, боја на каросеријата: светло црвена и ТРАКТОРСКА ПРИКОЛКА Виница, носивост 3,5 тони во износ од 700,00 Евра или 43.050,00 денари или вкупен износ на основачкиот влог од 2.500,00 Евра или 153.750,00 денари или 50 % од основната главнина, му го отстапува на основачот кој останува во претпријатието општина Могила со ЕМБС 6020801, без надомест и во иднина тој влог ќе се смета како влог на основачот општина Могила со ЕМБС 6020801.

Член 4

По истапувањето од Заедничкото јавно комунално претпријатие ПЕЛА ХИГИЕНА с. Добрушево, општина Могила, на основачот општина Новаци со ЕМБС 6020925, како и со отстапувањето и превземањето на влогот, како единствен основач во Заедничкото јавно комунално претпријатие ПЕЛА ХИГИЕНА с. Добрушево, општина Могила се јавува општина Могила со ЕМБС 6020801 со непаричен влог од

вкупно 5.000,00 Евра кој се состои од ТРАКТОР ИМТ 539 со кабина и кука во износ од 1.800,00 Евра или 110.700,00 денари, вид: теретно, марка: ИМТ 539, број на шасија: 701306299, број на мотор: 457351, година на производство: 2006, боја на каросеријата: црвено-сива и ТРАКТОРСКА ПРИКОЛКА број 0980-11001, носивост 3,5 тони во износ од 700,00 Евра или 43.050,00 денари и ТРАКТОР ВТ3 2048А во износ од 1.800,00 Евра или 110.700,00 денари, вид: теретно, марка: Х3ТА, тип ВТ3-4-1, број на шасија: 23010256, број на мотор: А2902000Б, година на производство: 2002, боја на каросеријата: светло црвена и ТРАКТОРСКА ПРИКОЛКА Виница, носивост 3,5 тони во износ од 700,00 Евра или 43.050,00 денари.

Член 5

Основачот кој останува во Заедничкото јавно комунално претпријатие ПЕЛА ХИГИЕНА с. Добрушево, општина Могила - општина Могила со ЕМБС 6020801 ги презема сите права и обврски определени со Статутот на претпријатието.

Основачот кој останува во Заедничкото јавно комунално претпријатие ПЕЛА ХИГИЕНА с. Добрушево, општина Могила - општина Могила со ЕМБС 6020801, кој е сега единствен основач, ги задржува и превзема сите права и обврски спрема вработените во претпријатите, како и правата и обврските спрема трети лица и сите вработени остануваат во претпријатието.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила на денот на нејзиното донесување.

Бр.07-520/5 Совет на општина Новаци
03.07. 2013 год. Претседател
Мицевски Пеце

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за промена на фирмата на претпријатието

1. Ја Објавувам Одлука за промена на фирмата на претпријатието, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 03.07.2013 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-546/3
08.07.2013год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Советот на општина Новаци, во врска со промената на фирмата на Заедничкото јавно комунално претпријатие ПЕЛА ХИГИЕНА с. Добрушево, општина Могила, на ден 03.07.2013 година, ја донесе следната:

О Д Л У К А

за промена на фирмата на претпријатието

Советот на општина Новаци донесе одлука да се изврши промена на фирмата на претпријатието, така што, наместо досегашната фирма:

-Заедничкото јавно комунално претпријатие ПЕЛА ХИГИЕНА с. Добрушево, општина Могила

Нова фирма на претпријатието да биде:

- Јавно комунално претпријатие ПЕЛА ХИГИЕНА општина Могила, а

Скратениот назив на фирмата гласи: ЈКП ПЕЛА ХИГИЕНА општина Могила.

Оваа одлука влегува во сила и ќе се применува од денот на уписот на промените во Централниот регистар.

Бр.07-520/6
03.07. 2013 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
Мицевски Пеце

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за промена на седиште на претпријатието

1. Ја Објавувам Одлука за промена на седиште на претпријатието, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 03.07.2013 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-546/4
08.07.2013год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Советот на општина Новаци, во врска со промената на седиштето на Заедничкото јавно комунално претпријатие ПЕЛА ХИГИЕНА с. Добрушево, општина Могила, на ден 03.07.2013 година, ја донесе следната:

О Д Л У К А

за промена на седиште на претпријатието

Советот на општина Новаци донесе одлука да се изврши промена на седиштето на претпријатието, така што, наместо досегашното седиште :

-с.Добрушево, општина Могила,

Ново седиште на претпријатието да биде:

-општина Могила.

Оваа одлука влегува во сила и ќе се применува од денот на уписот на промените во Централниот регистар.

Бр.07-520/7
03.07. 2013 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
Мицевски Пеце

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за давање согласност на Предлог на Пречистен текст на Статут Јавно комунално претпријатиеПЕЛА ХИГИЕНА општина Могила

1. Ја Објавувам Одлука за давање согласност на Предлог на Пречистен текст на Статут Јавно комунално претпријатиеПЕЛА ХИГИЕНА општина Могила, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 03.07.2013 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-546/5
08.07.2013год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Советот на општина Новаци, во врска со истапување на еден од основачите на јавното комунално претпријатие и во врска со промената на фирма и седиште на Заедничкото јавно комунално претпријатие ПЕЛА ХИГИЕНА с. Добрушево, општина Могила, на ден 03.07.2013 година, ја донесе следната:

О Д Л У К А

за давање согласност на

Предлог на Пречистен текст на Статут

Јавно комунално претпријатие

ПЕЛА ХИГИЕНА општина Могила

Советот на општина Новаци донесе одлука да се даде согласност на Предлог на Пречистен текст на Статутот на Јавното комунално претпријатие ПЕЛА ХИГИЕНА општина Могила подготвен од Управниот одбор на претпријатието.

Оваа одлука влегува во сила и ќе се применува од денот на уписот на промените во Централниот регистар.

Бр.07-520/8
03.07. 2013 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
Мицевски Пеце

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за овластување на претседателот на Советот на општината

1.Ја Објавувам Одлука за овластување на претседателот на Советот на општината, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 03.07.2013 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-546/6
08.07.2013год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Советот на општина Новаци, во врска со истапување на еден од основачите на јавното комунално претпријатие и во врска со промената на фирма и седиште на Заедничкото јавно комунално претпријатие ПЕЛА ХИГИЕНА с. Добрушево, општина Могила, на ден 03.07.2013 година, ја донесе следната:

О Д Л У К А

за овластување на Претседателот на Советот на општината

Советот на општина Новаци донесе одлука да се овласти претседателот на Советот на општина Новаци – лицето Пеце Мицевски во име и за сметка на општината Новаци да ги потпишува сите одлуки, изјави, понуди, договори и други акти потребни за извршување на промените на основач, фирма и седиште на Заедничкото јавно комунално претпријатие ПЕЛА ХИГИЕНА с. Добрушево, општина Могила во постапка пред Централниот регистар на Република Македонија, кај нотар или други органи каде ќе се јави потреба за тоа.

Оваа одлука влегува во сила и ќе се применува од денот на уписот на промените во Централниот регистар.

Бр.07-520/9
03.07. 2013 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
Мицевски Пеце

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Понуда за пренос на влог (упатено на ЗЈКП пела Хигиена с.Добрушево општина Могила)

1.Ја Објавувам Понуда за пренос на влог(упатено на ЗЈКП пела Хигиена с.Добрушево општина Могила), донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 03.07.2013 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-546/7
08.07.2013год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Основачот кој истапува од Заедничкото јавно комунално претпријатие ПЕЛА ХИГИЕНА с. Добрушево, општина Могила, Советот на општина Новаци со ЕМБС 6020925, во врска со промената – истапувањето на основач на претпријатието, на ден 03.07.2013 година, ја дава следната:

П О Н У Д А

за пренос на влог

Упатена до Заедничкото јавно комунално претпријатие ПЕЛА ХИГИЕНА с. Добрушево, општина Могила.

Со оваа понуда на наведениот субјект му се нуди заради преземање влогот на основачот општина Новаци со ЕМБС 6020925, кој се состои од непаричен влог ТРАКТОР ВТ3 2048А во износ од 1.800,00 Евра или 110.700,00 денари, вид: теретно, марка: Х3ТА, тип ВТ3-4-1, број на шасија: 23010256, број на мотор: А2902000Б, година на производство: 2002, боја на каросеријата: светло црвена и ТРАКТОРСКА ПРИКОЛКА Виница, носивост 3,5 тони во износ од 700,00 Евра или 43.050,00 денари или вкупен износ на основачкиот влог од 2.500,00 Евра или 153.750,00 денари или 50 % од основната главнина.

По оваа понуда наведениот субјект може да се изјасни со писмена изјава во рок од 30 дена од приемот на понудата.

Бр.07-520/10
03.07. 2013 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
Мицевски Пеце

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Понуда за пренос на влог
(упатено на општина Могила)

1.Ја Објавувам Понуда за пренос на влог(упатено на општина Могила), донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 03.07.2013 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-546/8
08.07.2013год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Основачот кој истапува од Заедничкото јавно комунално претпријатие ПЕЛА ХИГИЕНА с. Добрушево, општина Могила, Советот на општина Новаци со ЕМБС 6020925, во врска со промената – истапувањето на основач на претпријатието, на ден 03.07.2013 година, ја дава следната:

П О Н У Д А

за пренос на влог

Упатена до општина Могила.

Со оваа понуда на наведениот субјект му се нуди заради преземање влогот на основачот општина Новаци со ЕМБС 6020925, кој се состои од непаричен влог ТРАКТОР ВТ3 2048А во износ од 1.800,00 Евра или 110.700,00 денари, вид: теретно, марка: Х3ТА, тип ВТ3-4-1, број на шасија: 23010256, број на мотор: А2902000Б, година на производство: 2002, боја на каросеријата: светло црвена и ТРАКТОРСКА ПРИКОЛКА Виница, носивост 3,5 тони во износ од 700,00 Евра или 43.050,00 денари или вкупен износ на основачкиот влог од 2.500,00 Евра или 153.750,00 денари или 50 % од основната главнина.

По оваа понуда наведениот субјект може да се изјасни со писмена изјава во рок од 30 дена од приемот на понудата.

Бр.07-520/11
03.07. 2013 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
Мицевски Пеце

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за утврдување на приоритет на проект

1.Ја Објавувам Одлука за утврдување на приоритет на проект, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 03.07.2013 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-546/9
08.07.2013год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа член 36, став 1, точка 15, од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/02) а во врска со член 46 и член 21 став 1 т.11 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на оштина Новаци„ бр.5/02) Советот на општина Новаци на Седницата одржана на ден 03-07-2013 година донесе

О Д Л У К А
за утврдување на приоритет на проект

Член 1

Со оваа одлука се утврдува приоритет на - Основен проект за линиска инфраструктурна градба за реконструкција на локален пат од н.м. Живојно до Манастирот „ Св.Илија„.

Член 2

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.07-520/12
03.07. 2013 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
Мицевски Пеце

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за давање Согласност за намената на инвестицијата

1.Ја Објавувам Одлука за давање Согласност за намената на инвестицијата , донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 03.07.2013 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-546/10
08.07.2013год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа член 36, став 1, точка 15, од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/02), а во врска со член 46 и член 21 став 1 т.11 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на оштина Новаци„ бр.5/02) Советот на општина Новаци на Седницата одржана на ден 03-07-2013 година донесе

О Д Л У К А
За давање Согласност за намената на инвестицијата

Член 1

Со ова Одлука Советот на општина Новаци дава Согласност за намена на инвестицијата со цел реализација на проектот-Основен проект за линиска инфраструктурна градба за реконструкција на локален пат од н.м. Живојно до Манастирот „ Св.Илија„.

Член 2

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.07-520/13
03.07. 2013 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
Мицевски Пеце

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Заклучок за усвојување на Процена на загрозеноста на безбедноста на Општина Новаци од сите ризици и опасности(Општ дел)

1.Објавувам Заклучок за усвојување на Процена на загрозеноста на безбедноста на Општина Новаци од сите ризици и опасности(Општ дел), донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 03.07.2013 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-546/11
08.07.2013год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа член 5 од Законот за управување со кризи(Сл. весник на РМ бр.29/05), член 36, став 1, точка 15, од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/02), а во врска со член 46 и член 21 став 1 т.44 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на оштина Новаци„ бр.5/02) Советот на општина Новаци на Седницата одржана на ден 03-07-2013 година донесе

З А К Л У Ч О К

За усвојување на Процена на загрозеноста на безбедноста на
Општина Новаци од сите ризици и опасности(Општ дел)

I.

СЕ **УСВОЈУВА** Процена на загрозеноста на безбедноста на Општина Новаци од сите ризици и опасности (Општ дел) бр.06-5/1 од 14.06.2013 година

II.

Составен дел на овој Заклучок е Процена на загрозеноста на безбедноста на Општина Новаци од сите ризици и опасности

III.

Заклучокот влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.07-520/14
03.07. 2013 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
Мицевски Пеце

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Заклучок за подигање нивото на соработка на општина Новаци со РЦУК-Битола за квалитетна изработка на Посебниот дел од проценатa на локално ниво

1.Го Објавувам Заклучок за подигање нивото на соработка на општина Новаци со РЦУК-Битола за квалитетна изработка на Посебниот дел од проценатa на локално ниво, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 03.07.2013 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-546/12
08.07.2013год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа член 5 од Законот за управување со кризи(Сл. весник на РМ бр.29/05), член 36, став 1, точка 15, од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/02), а во врска со член 46 и член 21 став 1 т.44 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на оштина Новаци„ бр.5/02) Советот на општина Новаци на Седницата одржана на ден 03-07-2013 година донесе

З А К Л У Ч О К

За подигање нивото на соработка на општина Новаци со РЦУК-Битола за квалитетна изработка на Посебниот дел од проценатa на локално ниво

I.

ДА СЕ подигне нивото на соработка на општина Новаци со РЦУК-Битола за квалитетна изработка на Посебниот дел од проценатa на локално ниво

II.

Заклучокот влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.07-520/15
03.07. 2013 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
Мицевски Пеце

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Решение за избор на кординатор и членови на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите

1.Објавувам Решение за избор на кординатор и членови на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 03.07.2013 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-546/13
08.07.2013год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа на член 51 став 2, а во врска со член 25 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ број 5/2002), а во согласност со член 14 од Закон за еднакви можности на жените и мажите(Службен весник на РМ бр.06/12 од 13.01.2012 година), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 03.07.2013 година го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е
за избор на кординатор и членови на Комисијата
за еднакви можности на жените и мажите

I.

За кординатор се избира Христовски Борис- вработен во Општина Новаци

За членови на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите се избираат:

1. Маријана Филиповска -член на Советот на Општина Новаци
2. Васко Секуловски-член на Советот на Општина Новаци
3. Катерина Лозановска-член на Советот на Општина Новаци
4. Кузмановска Мирјана-вработена во Општина Новаци
5. Ангеловска Ангелка-вработена во Општина Новаци

II.

Задача на Комисијата е промовирање на принципот за воспоставување еднакви можности за жените и мажите во политиката, економската, социјалната образовната област, како и во другите области од општествениот живот.

III.

Мандатот на членовите на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите е до завршувањето на мандатот на членовите на Советот на Општина Новаци.

IV.

Решението влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.07-520/16
03.07. 2013 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
Мицевски Пеце

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за измена и дополнување на Одлуката за реализација на финансиски трансвери до здруженија на граѓани, спортски, технички и научни друштва, наменски дотаци за културно-уметнички манифестации и еднократна помош на физички лица и лица со посебни потреби.

1.Ја Објавувам Одлука за измена и дополнување наОдлуката за реализација на финансиски трансвери до здруженија на граѓани, спортски, технички и научни друштва, наменски дотаци за културно-уметнички манифестации и еднократна помош на физички лица и лица со посебни потреби, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 03.07.2013 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-546/14
08.07.2013год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа на член 36 од Законот за Локална самоуправа(„Службен весник на РМ, бр.5/02„)) и член 21 и 46 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ 5/02), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 03.07.2013 година ја донесе следната

О Д Л У К А

За измена и дополнување на Одлука за реализација на финансиски трансвери до здруженија на граѓани, спортски, технички и научни друштва, наменски дотаци за културно-уметнички манифестации и еднократна помош на физички лица и лица со посебни потреби.

Член 1

Во Одлуката за реализација на финансиски трансвери до здруженија на граѓани, спортски, технички и научни друштва, наменски дотаци за културно-уметнички манифестации и еднократна помош на физички лица и лица со посебни потреби,(бр.07-83/8 од 30.01.2013 година) се менува член 4 и гласи:

Финансиската помош на наведените трансфери во член 2 алинеја 1, 2 и 3 се доделува до максимален износ од 2.500.000,00 ден. во зависност од извршената евалвација на доставените проекти од страна на соодветните Комисии на Советот на општина Новаци.

Член 2

Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.07-520/17
03.07. 2013 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
Мицевски Пеце

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за доделување на средства на ФК„Новаци-2005„ Новаци за Есенска полусезона 2013/2014 година

1.Ја Објавувам Одлука за доделување на средства на ФК„Новаци-2005„ Новаци за Есенска полусезона 2013/2014 година, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 03.07.2013 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-546/15
08.07.2013год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа на член 21 ста1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци (Службен гласник на Општина Новаци бр. 5/02) Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 03.07.2013 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за доделување на средства на ФК„Новаци-2005„ Новаци
за Есенска полусезона 2013/2014 година

Член 1

СЕ ОДОБРУВААТ средства во износ од **800.000,00 денари** на ФК„Новаци-2005„ Новаци, за Есенска полусезона 2013/2014 година.

Член 2

Средствата од член 1 на ова Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2013 година.

Средствата ќе се исплаќаат со посебно решение од градоначалникот на Општина Новаци.

Член 3

Средствата да се префрлат на име ФК„Новаци-2005„ Новаци со ж-ска:

200002273548072, депонент Стопанска банка Скопје.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.07-520/18
03.07. 2013 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
Мицевски Пеце

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за одобрување на финансиски средства за коктелот во с.Рапеш,за свеченото пуштање во употреба на браната на Луда река

1.Ја Објавувам Одлука за одобрување на финансиски средства за коктелот во с.Рапеш,за свеченото пуштање во употреба на браната на Луда река, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 03.07.2013 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-546/16
08.07.2013год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа член 36, став 1, точка 15, од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/02) а во врска со член 46 и член 21 став 1 т.44 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на оштина Новаци„ бр.5/02) Советот на општина Новаци на Седницата одржана на ден 03-07-2013 година донесе

О Д Л У К А

за одобрување на финансиски средства за коктелот во с.Рапеш,за свеченото пуштање во употреба на браната на Луда река

Член 1

СЕ ОДОБРУВААТ средства во износ од **15.180,00 денари** за коктелот во с.Рапеш,за свеченото пуштање во употреба на браната на Луда река

Член 2

Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на општина Новаци за 2013 година

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објавуви во „Службен гласник на општина Новаци,
